# ИСКЛУЧОЦИ ОД ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ

1. Прашање:

Врз основа на добиено известување од Центар за јавно здравје Скопје, одредени категории на вработени подлежат на задолжителна вакцинација од цревен вирус.

Согласно, Правилникот за имунизација единствена установа која што ја спроведува вакцинацијата е ЈЗУ Центар за јавно здравје.

Со оглед во нашето претпријатие, на ваквиот вид на вакцинација подлежат поголем број на вработени и сумата која што треба да се исплати ги надминува вредносните прагови од член 40 став (1) од ЗЈН, дали за овој вид на услуга е потребно спроведување на јавна набавка.

Имено, ваквиот вид на услуга ја нема во исклучоците, односно во член 23 (Општи исклучоци) од законот?

Одговор:

Во член 23 од Законот за јавните набавки наведени се општи исклучоци, односно случаите во кои одредбите на овој закон не се применуваат.

Така, договорниот орган нема да ги примени одредбите на Законот за јавните набавки согласно со член 23 став (1) точка 4, на услуги кои договорниот орган ги доделува на друг договорен орган или здружение на договорни органи, ако истите имаат ексклузивно право врз основа на закон, подзаконски акт или управен акт објавен во „Службен весник на Република Македонија" односно во општинско службено гласило да ги обезбедуваат предметните услуги.

Следствено на изнесеното, во конкретниов случај предметната потреба би можела да се задоволи со примена на горенаведената одредба, само доколку се исполнети предвидените услови, односно доколку Центарот за јавно здравје Скопје врз основа на закон, подзаконски акт или управен акт објавен во Службен весник на РСМ, има ексклузивно право да ја пружа оваа услуга.

# ПОСЕБНИ НАЧИНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА

2. Прашање:

При спроведување на мини тендери преку ЕСЈН со повеќе економски оператори, по завршување на евалуација се бара прикачување документација и истата да се прати до одговорно лице кое потоа прикачува одлука за избор.

Дали Извештај од спроведена евалауација изготвен од комисијата е доволен документ кој треба да се прикачи, и дали истиот може да биде своерачно потпишан од комисијата и како таков скениран и прикачен или истиот мора да има и електронски потпис најмалку од претседателот на комисијата?

Одговор:

Доколку рамковната спогодба е склучена со повеќе економски оператори, согласно член 57 став (7) под б) од законот, поединечните договори може да се доделат: со повторно прибирање понуди помеѓу економските оператори страни во рамковната спогодба, доколку во рамковната спогодба не се утврдени сите услови за набавка на стоките, обезбедување на услугите или изведување на работите.

При спроведување на повторното прибирање понуди, договорниот орган е должен да ја почитува одредбата од ставот (9) на член 57.

Евалуацијата кај мини-тендерите се врши на системот во поедноставена форма и договорниот орган ја одбира најдобрата понуда врз основа на критериумите за избор на најповолна понуда утврдени во рамковната спогодба.

При спроведување на повторно прибирање понуди – „мини-тендер“, ЕСЈН не го генерира автоматски извештајот, туку комисијата е таа која треба да изготви извештајот од извршена евалуација во кој треба да го наведе предмет на поединечниот договор, називот на понудувачите до кој е доставена покана да достават понуди, назив на понудувачите кои доставиле понуда, назив на понудувачот чија понуда се предлага да се избере за најповолна (и причините за избор).

Членовите на комисијата треба да го потпишат извештајот. Но, доколку сите членови не поседуваат електронски потпис можат да го потпишат своерачно, а претседателот на комисијата да го потпише со електронски потпис.

## ПЛАНИРАЊЕ / ПРЕТХОДНА ПРОВЕРКА НА ПАЗАРОТ

3. Прашање:

Договорниот орган објавил оглас за јавна набавка на компјутери и софтверски лиценци. Предметот на набавка се состои од стоки кои се независни еден од друг (истото е видливо од бројот на компјутери и бројот на лиценци кои не е ист). Со цел да се овозможи поголема конкурентност (односно да овозможи економските оператори кои не нудат хардвер да можат да понудат софтверски лиценц), побаравме од договорниот орган да го поддели предметот на набавка, на што добивме негативен одговор. Во кои случаи, договорниот орган може да одбие да ја подели набавката?

Одговор:

Со член 78 од законот, се уредува оформување на јавната набавка во делови. При тоа, согласно со став (1) од истиот член, договорниот орган може да го оформи предметот на набавка во повеќе посебни делови, врз основа на објективни критериуми според вид, својства, намена, место или време на извршување, при што го утврдува предметот и големината на поединечните делови, земајќи ја предвид можноста за пристап на малите и средни претпријатија во постапката за јавна набавка.

Целта на оваа одредба е да ги охрабри договорните органи да го поделат предметот на набавка на делови со цел да се поттикне учеството на мали и средни претпријатија (МСП).

Набавката може да се подели на неколку различни начини, а се во зависност од предметот на набавката, обемот/вредноста и потребите на договорниот орган, како на пример:

- според видот и сродноста на стоката или услугата која се набавува - набавка на ИКТ опрема – Дел 1: преносни компјутери; Дел 2: персонални компјутери; Дел 3: опрема за видео надзор; Дел 4: сервери итн.
- според можностите на економските оператори да дадат понуда - услуги за одржување на објект за домување, можна поделба: Дел 1: општи планирани поправки, одржување и итни поправки; Дел 2: изведување електрична инсталација и нејзино одржување; и Дел 3: инсталација и одржување уреди на гас.
- географска – можна поделба на набавката на региони или подрегиони, во зависност од предметот на набавката.
- според вредноста – делење на набавката на помали делови (вредносно), земајќи ги предвид горенаведените можности, со цел поттикнување на поголем број на мали фирми да учествуваат со своја понуда.

Сепак, во некои случаи, поделбата на предметот на набавка на делови може да биде непрактична или несоодветна. Затоа, секогаш кога се носи одлука во однос на деливоста и во однос на бројот и големината на деловите, треба да се има претстава за можностите на пазарот во однос на предметот на набавка и да се изврши одредена анализа на пазарот со цел да не ја наруши конкуренцијата.

Оттука, доколку договорниот орган ги прекршил одредбите од Законот за јавните набавки, а вие како економски оператор сте имале правен интерес за добивање на договорот за јавна набавка и сте претрпеле или сте можеле да претрпите штета од евентуалното прекршување на одредбите од овој закон, може согласно со член 138 став (1) од законот, да барате правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија од страна на договорниот орган во постапката за јавна набавка. Роковите за изјавување жалба во зависност од видот на постапката се дедени во членовите од 142 до 150 од законот.

4. Прашање:

Државна изборна Комисија донесе заклучок за завршување на локалните избори за 2025 година. Но, на ден 12.11.2025 година, Собранието на РСМ донесе решение за прогласување на избори во останати општини.

Дали е можно да се изврши измена на Годишен план за јавни набавки за 2025 година, имајќи предвид дека средствата се предвидени за 2025 година, а измени се вршат на називот, видот на постапка, износот?

Одговор:

Спроведувањето на постапките за јавни набавки во периодот по распишување на избори не е регулирано со Законот за јавните набавки. Имено, во овој период договорните органи треба да ги почитуваат забраните и ограничувањата кои произлегуваат од Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имено, согласно член 8-а (1) алинеја 1 од Изборниот законик, од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје не може: да се започне изградба со средства од Буџетот или од јавни фондови или со средства на јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал на нови објекти во инфраструктурата како патишта, водоводи, далноводи, канализација, спортски игралишта и други објекти или објекти за општествени дејности училишта, градинки и други објекти, освен ако за таа намена претходно се обезбедени средства од Буџетот, односно се работи за реализација на програма донесена врз основа на закон во тековната година.

Од наведенава одредба произлегува дека забраната се однесува на постапки за јавни набавки на работи за изградба на објекти во инфраструктурата како патишта, водоводи, далноводи, канализација, спортски игралишта и други објекти или објекти за општествени дејности училишта, градинки и други објекти.

Сепак, а имајќи предвид дека Државната комисија за спречување на корупцијата е надлежна да ја следи законитоста на користењето, односно располагањето со буџетските средства од денот на распишувањето до завршувањето на изборите, сметаме дека можете да се обратите до Државната комисија за спречување на корупцијата со цел добивање на попрецизен одговор.

## КОМИСИЈАТА ЗА ЈАВНА НАБАВКА / ЛИЦЕ ИЛИ ОРГАНИЗАЦИСКИ ОБЛИК ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

5. Прашање:

Во случај на склучен договор за меѓуопштинска соработка помеѓу две општини во делот на јавните набавки, дали лицето за јавни набавки со положен испит вработено во еден договорен орган (општина А) може да учествува како член во комисија за јавни набавки во друг договорен орган (општина Б)?

Одговор:

Согласно член 80 став (1) од Законот за јавните набавки, договорниот орган определува лице или организациски облик во чии рамки ќе се вршат работи од областа на јавните набавки.

Со членот 80 од законот, со кој се уредуваат условите кои едно лице треба да ги исполни за да биде лице за јавни набавки, како и работите кои треба да ги извршува,

иако експлицитно не е наведено дека лицето/лицата треба да бидат вработени кај договорниот орган, истото се подразбира, а на ова упатува и одредбата од член 181 став (2) од законот, согласно која глоба за сторен прекршок во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице кое е договорен орган, доколку нема барем едно лице за јавни набавки со валидна потврда за лице со јавни набавки согласно со членот 80 од законот, како и одредбите кои се однесуваат на општите мерки за спречување на корупцијата утврдени со членовите од 33, 34, 35 и 36 од законот.

Дополнително, потребно е да се има во предвид и донесена пресуда од Основниот суд во Битола бр. ПРК-О-25/24, со која ангажирањето на лице по договор на дело кое поседува потврда за положен испит за лице за јавни набавки, не значи исполнување на условот од член 80 од Законот.

Исто така препорачуваме, во зависност од бројот и обемот на постапките за јавни набавки, договорните органи да определуваат повеќе лица за јавни набавки или посебен организациски облик во чии рамки ќе се вршат работи од областа на јавните набавки, како би имало континуитет во спроведување на набавките и почитување на член 80 од законот.

Во случаи кога договорниот орган нема доволен капацитет за спроведување на јавни набавки, посочуваме дека Законот остава можност за спроведување на групна набавка. Групна набавка согласно со член 62 став (1) од законот, се врши координирано преку еден договорен орган во име на група договорни органи, по претходно склучен договор за извршување групна набавка. Оваа одредба овозможува одреден степен на централизирање на набавките на начин што договорните органи сами се групираат и сами одлучуваат кој од нив ќе ја спроведе постапката во нивно име. При тоа, не е неопходно оној што ќе ја спроведува групната набавка да има потреба од тој предмет на набавка, што воведува одредена флексибилност во групирањето на договорните органи. Предноста на овој пристап е можноста од групирање на повеќе договорни органи од кои можеби некои немаат доволно искуство или знаење за јавните набавки или пак немаат доволен административен капацитет и го овластуваат најискусниот член на групата да ја спроведе набавката, иако можеби тој договорен орган нема потреба од истата. Воедно, договорните органи кои имаа намера да спроведат групна набавка ќе треба во својот план за јавни набавки да ги искажат потребите од конкретната набавка во својот дел. Истото, ќе треба да го направи и договорниот орган кој ќе ја спроведе набавката, без оглед што ја нема конкретната потреба од предметот на набавка.

По претходно склучен договор за извршување на групна набавка (не договор за меѓуопштинска соработка), договорниот орган кој ќе ја спроведе постапката, ќе треба да донесе одлука за јавна набавка во која меѓу останатото ќе го назначи составот на комисијата, во кој може да учествува лице од другиот договорен орган.

## КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА

6. Прашање:

Во постапка за набавка од мала вредност, како критериум за избор на најповолна понуда беше пристапот на најдобрар однос помеѓу цената и квалитетот.

Во постапката, учествуваат двајца понудувачи но и двајцата понудувачи немаат доставени докази, односно документи преку кои ќе може да се оценува квалитет. По однос, на квалитетот и двајцата понудувачи имаат освоено 0 (нула) бодови.

Дали комисијата може да се обрати до двајцата понудувачи и да побара дополнување на понудата, односно доставување на потребната документација за оцена на квалитетот?

Одговор:

При проверката на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот и при евалуација на понудата, согласно член 109 став (2) од законот, комисијата може да побара понудувачите да ги појаснат документите или да достават документи, доколку не станува збор за значителни отстапувања од бараната документација.

Доколку во постапката се бара документација за да се докаже квалитетот, во тој случај бараната документација треба да се достави заедно со понудата. Барањата за критериумот квалитет и начинот на кој ќе се докажува нивното исполнување (пр. документи за докажување) треба да бидат јасно наведени во тендерската документација.

Оттука, а имајќи предвид дека во конкретниот случај станува збор за значителни отстапувања од бараната документација сметаме дека постапката треба да се поништи согласно член 114 став (1) алинеја 2 од законот, не е поднесена ниту една понуда или ниту една прифатлива понуда.

## СРЕДСТВА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ / НЕГАТИВНА РЕФЕРЕНЦА

7. Прашање:

Доколку економски оператор е на листата со негативни референци, дали може истиот да биде ангажиран како подизведувач на дел од јавна набавка?

Одговор:

Една од причините поради која договорниот орган го исклучува економскиот оператор од постапката за јавна набавка, е наведена во член 88 став (3) од законот, доколку до крајниот рок за поднесување на понудите или пријавите за учество е на листата на издадени негативни референци.

Од друга страна, понудувачот согласно член 118 став (1) од законот, може дел од договорот за јавна набавка да додели на подизведувач.

Согласно со ставот (2) од наведениов член, доколку понудувачот користи подизведувач при извршувањето на договорот за јавна набавка, во понудата:

- ги наведува сите подизведувачи, како и секој дел од договорот за кој има намера да го додели на подизведувачи;
- доставува контакт податоци за законските застапници на предложените подизведувачи;
- доставува документација за утврдување способност на предложените подизведувачи и
- доставува барање од подизведувачот за директно плаќање, доколку подизведувачот го бара тоа.

Имајќи го во предвид горенаведеното, економскиот оператор кој има една или повеќе негативни референци, не може да учествува во постапката за јавна набавка ниту како подизведувач, ниту како субјект чија способност може да се користи, ниту како член на група на понудувачи.

## ПОДГОТОВКА И ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ / ГРУПНА ПОНУДА

8. Прашање:

Во постапка за јавна набавка на стоки, поднесена е понуда од Група на понудувачи.

При тоа, носителот на набавката не го исполнува поставениот минимален услов за техничка и професионална способност (листа на извршени испораки на стоки), туку истиот е исполнет само од членот на групата. Дали ваквата групна понуда треба да е прифатлива за договорниот орган?

Одговор:

Секој економски оператор согласно член 28 од законот, има право да учествува, самостојно или како член на група економски оператори, во постапка за јавна набавка, согласно со член 107 од овој закон.

Групата економски оператори согласно член 96 став (6) од законот, може да ја користи способноста на членовите во групата или на други субјекти на начин утврден во ставовите (1), (2), (3), (4) и (5) од овој член.

Согласно наведенава одредба, договорниот орган ја оценува исполнетоста на условите за квалитативен избор во поглед на економската и финансиската способност или техничката или професионалната способност со земање предвид на способноста на сите членови на групата заедно, односно групата како целина треба да ги исполнува бараните критериуми, а не секој член поединечно.

Евалуацијата на понудите е процес на оцена на понудите во постапката за јавна набавка, која комисијата ја врши врз основа на критериумите наведени во тендерската документација.

Оттука, понудувачот согласно со член 105 став (1) од законот, ја изготвува понудата во согласност со тендерската документација. При тоа, комисијата согласно со член 109 став (6) од законот, неприфатливите понуди нема да ги рангира.

При утврдување на прифатливоста на понудите, комисијата предвид треба да ја има дефиницијата дадена во член 2 став (1) точка 11 од законот, согласно кој „Прифатлива понуда" е понуда поднесена од понудувачот, која ги исполнува условите за утврдување способност, потребите и барањата на договорниот орган наведени во техничките спецификации и останатата тендерска документација, што е навремена, која нема невообичаено ниска цена, а чија конечна цена не ги надминува средствата обезбедени или кои може да се дообезбедат од договорниот орган согласно овој закон.

Следствено на изнесеново, комисијата врз основа на целокупната доставена документација треба да утврди дали доставената понуда е во согласност со бараното во тендерската документација или не.

## ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОНУДИТЕ / НЕВООБИЧАЕНО НИСКА ЦЕНА

9. Прашање:

Кај постапка за набавка од мала вредност за резервни делови и услуги за сервисирање на моторни возила, во фазата на евалуација, се соочивме со следниот проблем.

Имено, во техничката понуда, во колона минимални технички карактеристики, наведени се деловите од соодветното возило. Понудувачите, во колоната Понудени технички карактеристики имаат понудено само за одредена марка/бренд, без прецизирање дека марката/брендот се однесува на побараната минимална техничка карактеристика за соодветниот дел. Дали ваквите технички понуди се прифатливи или треба да се отфрлат?

Одговор:

Согласно член 81 став (1) од законот, договорниот орган во тендерската документација ги наведува барањата, техничката спецификација, условите, критериумите и други неопходни информации, со цел да му обезбеди на економскиот оператор целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на спроведување на постапката за јавна набавка.

Воедно, договорниот орган образецот на техничка понуда треба да го оформи на начин што ќе му овозможи при евалуацијата да оцени дали понудувачите ги исполнуваат барањата во техничката спецификација.

Образецот на техничка понуда треба да се оформи на начин кој ќе биде соодветен на природата на предметот на набавка и ќе му овозможи при евалуацијата да оцени дали понудувачите ги исполнуваат барањата во техничката спецификација. Договорниот орган образецот на техничката понуда може да го доуредува, менува или да прикачи сосема друг образец на техничката понуда или објаснување за

начинот на подготовката на техничката понуда, во зависност од предметот на набавката и потребите, а со цел истиот да не биде збунувачки за економските оператори и воедно да можат ЈАСНО да ги изразат/опишат сите детали за стоката/услугата/работата која ја нудат.

Колона за минимални технички карактеристики ја пополнува самиот договорен орган доколку дефинирал такви во техничката спецификација за секој дел поединечно. Понудувачите ја пополнуваат само колоната со понудени технички карактеристики кое претставува и критериум врз кој се врши евалуацијата на понудите од аспект на техничката усогласеност.

Во однос на Вашето конкретно прашање, имајќи предвид дека во фазата на евалуација увид во документацијата има единствено комисијата задолжена за спроведување на постапката за јавна набавка, врз основа на фактичката состојба треба да утврди дали понудата е изготвена согласно тендерската документација и дали е прифатлива или не.

10. Прашање:

Во постапка за јавна набавка на работи, како минимален услов за Техничка и професионална способност, се бара економскиот оператор да има минимум 3 (три) реализирани договори за изведба , реконструкција или рехабилитација на објекти од комунална инфраструктура во последните 5 (пет) години, од кои еден со вредност не помала од 15.000.000,00 денари (со ДДВ). Понудувачот кој поднел понуда нема свои договори, туку прикачил договори од друг економски оператор со кој има склучено Договор за подизведувач и договор за техничко деловна подршка. Дали може да се прифатат овие договори или не?

Одговор:

Со членот 96 од законот се уредува користењето способност од други субјекти, додека подизведувањето е уредено во член 118 од законот.

Оттука, економскиот оператор согласно член 96 став (1) од законот, може во постапката за јавна набавка, заради исполнување на условите за квалитативен избор во делот на економската и финансиската состојба и техничката или професионалната способност да ја користи способноста на други субјекти, без оглед на правните врски помеѓу нив.

При тоа, ако економскиот оператор користи способност на друг субјект, тој е должен да ја докаже поддршката со валиден доказ дека тој субјект ќе му ги стави на располагање соодветните ресурси, содека договорниот орган и за субјектот чија способност ја користи, треба да провери дали ги исполнува потребните услови за квалитативен избор и дали постојат причини за негово исклучување од постапката.

Воедно, треба да се има предвид дека кога економски оператор во постапката за јавна набавка користи способноста на друг субјект во врска со образовните и стручните квалификации или релевантно стручно искуство, истиот може да ги

користи (образовните и стручните квалификации или релевантно стручно искуство) само доколку другиот субјект ќе ги изведува работите или ќе ги обезбедува услугите за кои се бара таквата способност.

Наведеното барање упатува на тоа дека во конкретниов случај субјектот чија способност се користи треба да биде подизведувач.

Во однос на Вашето прашање, а имајќи ги во предвид горенаведеното, економскиот оператор може да користи поддршка од други субјекти во делот на референтна листа и предходно склучени договри, со тоа што во тој случај субјектите чија способност се користи, треба да ја извршат услугата односно да ги изведат работите.

11. Прашање:

Спроведена е јавна набавка на прехрамбени производи, а предметот на набавка е оформен во 6 дела.

Вкупната вредност на сите 6 дела изнесуваше 5.000 000.00 ден. За три дела со вкупна вредност од 2.920.000,00 денари, склучените договори за јавна набавка ќе бидат раскинати.

Дали треба повторно да се објави отворена постапка, и ако е така дали во одлуката според член 50 став (4), треба да се наведе дека поради итност потребно е период за поднесување понуди да се скрати на 20 дена?

Одговор:

Согласно член 78 став (1) од законот, договорниот орган може да го оформи предметот на набавка во повеќе посебни делови, врз основа на објективни критериуми според вид, својства, намена, место или време на извршување, при што го утврдува предметот и големината на поединечните делови, земајќи ја предвид можноста за пристап на малите и средни претпријатија во постапката за јавна набавка.

Кога договорниот орган го оформил предметот на набавка во повеќе посебни делови, врз основа на критериумите утврдени во тендерската документација, може за одреден дел да избере најповолна понуда, а за друг дел да ја поништи постапката ако се исполнети условите од член 114 став (1) од законот.

Договорниот орган може повторно да спроведе постапка за јавна набавка за поништениот дел/делови. Во новата одлука за јавна набавка за делот/деловите за кој претходно е поништена постапката, потребно е да се внесат проценетата вредност за поединечниот дел/делови за кој ќе се спроведува нова постапка и согласно истата да се одбере соодветната постапка за јавна набавка.

Од друга страна, во отворена постапка, согласно член 50 став (4) од законот, по исключок доколку поради итни причини кои договорниот орган соодветно ќе ги

образложи во одлуката за јавна набавка, не може да се запази законски пропишаниот рок, договорниот орган може да определи рок кој нема да е пократок од 20 дена од датумот на објавување на огласот за јавна набавка. При креирањето на документацијата за конкретната постапката во чекор - Критериуми и средства одбирате дали постапката ќе биде со скратени рокови.

## СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА ИЛИ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА

12. Прашање:

По спроведена постапка за јавна набавка на работи избрани сме за најповолен понудувач и имаме склучено договор за Реконструкција и адаптација на административна зграда на општината, Домот на култура и Музејот. При реализација на договорот, се соочуваме со следниов проблем.

Имено, во период од година дена имаме доставени 2 времени ситуаци, кој се со рок за плаќење од 15 дена. Од страна на инвеститорите, исплатите се со задоцнување и по 6 месеци.

Поради таа причина сакаме да поднесеме барање за раскинување на договорот за јавна набавка.

До инвеститорите поднесовме адвокатска опомена, во која е наведен рок во кој бараме да се изплати заостанатиот долг, и ги известуваме дека во спротивно ќе поведеме постапка за раскинување на договорот.

Од страна на инвеститорите, рекоа дека моментално немат пари и да чекаме. Доколку, го раскинеме договорот, ќе ни ја активират банкарската гаранција.

Од наша страна 95 % од договорот е реализиран, истовремено и дополнителните работи се веќе изведени, кои се во вредност од околу 20% од набаката. Остаток на работи кои треба да се изведат изнесува околу 5%.

Од страна на изведувачот, се уште не е потпишан анекс договорот за дополнителните работи (кои не беа предвидени со тендерската докуметација, а работите се изведени), поради тоа што бевме условени од инвеститорот.

Во пресметката на сработените квадратури увидовме дека квадратите за изведба наведени во тендерската документација и реалните квадратури се разликуваат, во однoст повеќе со 10-20% по дел од ставките.

Дали при раскинување на договорот од наша страна поради не наплата на времени ситуаци и не изработка на анекс за дополнителни количини, имат право да ја активират банкарската гаранција, иако проектот е 95% завршен и плус 20% има завршено дополнителни работи.

Што понатаму при раскинување на договорот, како да ги наплатиме завршените работи на објектот?

Одговор:

Договорот за јавна набавка или рамковната спогодба, согласно член 117 став (1) од законот, договорните страни го извршуваат во согласно со условите утврдени во тендерската документација и избраната најповолна понуда.

Согласно со ставот (3) од наведениов член, при исполнување на договорните обврски договорните страни покрај одредбите од Законот за јавните набавки, соодветно треба да ги применат и одредбите од законот со кој се уредуваат облигационите односи, како и материјалните прописи со кои се уредува предметот на набавка.

Со наведенава одредба се предвидува супсидијарна примена на законот што ги уредува облигационите односи на договорите за јавни набавки на соодветен начин, односно се пропишува примена на Законот за облигациони односи.

Сепак, треба да се има предвид дека примената на Законот за облигациони односи е поширока и не се протега само на одговорноста за исполнувањето на договорите. Имено, согласно член 16 од Законот за облигациони односи врз облигационите односи кои се уредуваат со други закони се применуваат одредбите на овој закон во прашањата што не се уредени со тој закон. Дополнително, согласно член 17 став 1 од Законот за облигациони односи, одредбите од овој закон што се однесуваат на договорите се применуваат врз сите видови договори, освен ако за трговските договори поинаку не е изречно определено. Оттука, врз договорите за јавни набавки (и рамковните спогодби) ќе се применува Законот за облигациони односи за се освен за специфичните прашања кои што се предмет на уредување на членовите 116 до 120 од Законот за јавните набавки.

Следствено на изнесеното, при донесување на одлука за еднострано раскинување на договорот поради неисполнување на обврските од страна на договорниот орган (инвеститор), предвид треба да ги имате условите од тендерската документација како и вашата понуда (која била избрана за најповолна), како и одредбите од склучениот договор и анекс особено во делот на обврските и можностите за еднострано раскинување на истиот.

Сепак, при реализација на договорот од особена важност е одржување отворен и конструктивен однос помеѓу договорните страни кој мора да вклучува професионален пристап во постапувањето по прашањата со цел разрешување или олеснување на недоразбирањата и идентификување на потенцијалните проблеми во рана фаза, истовремено утврдувајќи ги можностите за подобрување и решавање на споровите.

Исто така, договорниот орган не смее неоправдано да го одложува или неизвршува плаќањето кон носителот на набавката, штом тој ја испорачал стоката, ја обезбедил услугата или ја извршил работата. Доколку дојде до тоа, ќе се наруши односот помеѓу договорниот орган и носителот на набавката.

13. Прашање:

Склучен е Договор за јавна набавка за период од 12 месеци и истиот престанува да важи и во случај на реализирање на максималната вредност на договорот, пред истекот на утврдениот период.  Овој Договор во моментот е вредносно исполнет.

Во меѓувреме потпишан е нов Договор со истиот носител на набавка, во кој е наведено дека истиот важи сметано од 25.11.2025.

Дали може да се промени датумот на важност на договорот со согласност на двете договорни страни, имајќи предвид дека новиот договор важи од 25.11.2025 година?

Одговор:

Договорот за јавна набавка согласно член 116 став (2) и член 117 став (1) од законот, се склучува и извршува согласно со условите утврдени во тендерската документација и избраната најповолна понуда.

Склучениот договор за јавна набавка има важност до негово целосно реализирање (временско, вредносно или количинско). Според тоа, договорот за јавна набавка, се смета за извршен во моментот кога ќе биде целосно временски, вредносно или количински реализиран.

Од друга страна, при реализација на договорните обврски, согласно член 117 став (3) од законот, договорните страни покрај одредбите од законот за јавните набавки соодветно ги применуваати  одредбите од законот што ги уредува облигационите односи и материјалните прописи со кои се уредува предметот на набавка.

Истовремено, договорот за јавна набавка во текот на неговата важност може да се измени без спроведување на нова постапка за јавна набавка, доколку е исполнет некој од условите наведени во член 119 став (1) точка 1, 2, 3, 4, 5 од законот.

Имајќи го предвид изнесеното, а врз основа на фактичката состојба и само вам познатите околности треба да утврдите дали во конкретниов случај ќе ги примените одредбите од законот за облигациони односи или одредбите од членот 119 од законот за јавните набавки.